Врз основа на член 110 став 1 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 115/2024), Уставниот суд на Република Северна Македонија на работен состанок одржан на 13 март 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА И РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа програма и распоред се утврдуваат целите кои треба да ги оствари Уставниот суд на Република Северна Македонија во 2025 година коишто произлегуваат од неговата уставна улога, активностите кои треба да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка во која ќе се спроведуваат истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

### 1. Визија

Позиционирање и афирмирање како отворена, транспарентна и ажурна институција која применува строго почитување на Уставот. Со намера да ја оствари уставната улога на највисок орган кој гарантира уставност и законитост и заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот, Уставниот суд функционира согласно Уставот и меѓународните стандарди, со почитување на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), независно и без надворешни влијанија. Транспарентноста е императив во работењето на Уставниот суд, како демократска вредност преку која ќе се врати довербата на граѓаните во Судот и системот воопшто, а следствено на тоа Уставниот суд е перципиран како бедем на правдата и граѓанските слободи и права. Уставниот суд на Република Северна Македонија настојува да биде пример на институција која со континуирано зајакнување на транспарентноста и доследно информирање ја зголемува својата доверба кај граѓаните.

### 2. Мисија

Мисијата, визијата и вредностите на една институција се есенцијални бидејќи тие ја конструираат и детерминираат улогата и постоењето на Судот и истите претставуваат патоказ за спроведување на целите.

Мисијата и визијата ја потврдуваат оправданоста од доверените функции во Уставниот суд, додека од друга страна ги вклучуваат и очекувањата на општеството и граѓаните од овој орган на Републиката кој работи според највисокиот правен акт - Уставот.

### 3. Цели на Програмата и распоред за работа за 2025 година

Целите предвидени со оваа програма и распоред за работа, произлегуваат од уставната улога на Судот и тие се:
*- навремено и ефикасно постапување по предметите во кои се одлучува за прашањата од надлежност на Судот;*
*- транспарентно и отчетно работење.*

### 4. Навремено и ефективно постапување по предметите

Согласно член 109 став 1 од Уставот, Уставниот суд го сочинуваат девет судии.

Судот работи во полн состав.

*а) Број на одржани седници*

Во член 15 од Актот на Уставниот суд, е предвидено дека за работите од својата надлежност утврдена со Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд одлучува на седница.

Според член 110 од Актот на Судот, по прашања од доменот за внатрешна организација и работа, Уставниот суд на седница: донесува акти за организацијата на работата и за постапката пред Уставниот суд; утврдува начелни мислења за прашања од значење за заштитата на уставноста, законитоста и слободите и правата утврдени во Уставот; донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места и други акти кои се однесуваат на Службата; донесува акт со кој се уредуваат платите на вработените во Службата; донесува акт за постапката за вработување и унапредување во Службата; го именува и разрешува генералниот секретар на Уставниот суд; одлучува за вработување и унапредување во Службата и определува претставници на Судот за учество на советувања, други стручни собири и расправи на кои е повикан.

Споредбено, бројот на одржани седници на Уставниот суд во изминатите десет години е следен:

2015 година - 32 седници;
2016 година - 29 седници;
2017 година - 29 седници;
2018 година - 32 седници;
2019 година - 31 седница;
2020 година - 35 седници;
2021 година - 37 седници;
2022 година - 42 седници;
2023 година - 46 седници и
2024 година - 33 седници.

Имајќи ги предви овие податоци, произлегува дека просечниот број на одржани седници во една година изнесува околу **34.6 седници.**

*б) Број на оформени предмети*

Согласно одредбите од Актот на Судот, по доставените поднесоци или по предметите оформени по сопствена иницијатива, се оформуваат предмети од генералниот секретар на Судот и се доделуваат на судија-известител и советник кои ја водат претходната постапка и се должни да изготват реферат за седница, кој претставува работен материјал по кој се расправа и се одлучува за предлогот содржан во рефератот.

Бројот на оформени предмети во изминатите 10 години е следен:

2015 година – 128 предмети;
2016 година – 181 предмет;
2017 година – 168 предмети;
2018 година – 137 предмети;
2019 година – 167 предмети;
2020 година – 324 предмети;
2021 година – 148 предмети;
2022 година – 137 предмети;
2023 година – 210 предмети; и
2024 година – 276 предмети.

Од анализата на овие податоци, произлегува дека просечниот број на оформени предмети во една година изнесува **187,6 предмети**.

*в) Број на решени предмети*

Бројот на решените предмети по години е следен:

2015 година - 150 предмети;
2016 година - 161 предмет;
2017 година - 134 предмети;
2018 година - 211 предмети;
2019 година - 114 предмети;
2020 година - 278 предмети;
2021 година - 173 предмети;
2022 година - 130 предмети;
2023 година - 184 предмети; и
2024 година – 248 предмети.

Согласно овие податоци, просечниот број на решени предмети во една година изнесува **178,3 предмети.**

*г) Соодност на оформени и решени предмети во една година*

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оформени | 128 | 181 | 168 | 137 | 167 | 324 | 148 | 137 | 210 | 279 |
| Решени | 150 | 131 | 134 | 211 | 114 | 278 | 173 | 130 | 184 | 248 |
| Соодност | 0,85 | 1,12 | 1,25 | 0,65 | 1,46 | 1,16 | 0,85 | 1,05 | 1,14 | 1,12 |

Просечниот соодност на оформени/решени предмети за овие години изнесува **1,065.**

*д) Број на нерешени предмети*

Вкупниот број на нерешени предмети во Уставниот суд на Република Северна Македонија со состојба на 31.12.2024 година изнесува **204 предмети**.

Бројот на нерешени предмети по години е следен:

2017 година – 1 предмет;
2019 година – 14 предмети;
2020 година – 1 предмет;
2021 година – 6 предмети;
2022 година – 6 предмети;
2023 година – 34 предмети; и
2024 година – 142 предмети.

*ѓ) Индикатори за следење на активностите за остварување на целта*

Согласно горенаведеното, индикаторите за следење на активностите за остварување на целта во текот на 2025 година ќе бидат следните:

- бројот на одржани седници во текот на оваа година се планира да изнесува најмалку 35;
- бројот на оформени предмети за оваа година се очекува да изнесува околу 250 предмети.
- бројот на решени предмети во текот на оваа година треба да изнесува најмалку 170 предмети;
- бројот на нерешени предмети треба да се намали на најмалку 110 предмети (состојба на 31.12.2024 година);
- траењето на постапките пред Уставниот суд се планира да·се намали на најмалку 6,5 месеци во просек.

*е) Носители на активностите*

Носители на активностите за остварување на утврдената цел се:
- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд;
- генералниот секретар на Уставниот суд;
- советниците на Судот и советниците во Службата кои работат на предмети

*ж) Временска рамка*

Временската рамка за активностите за остварување на утврдената цел е целата 2025 година.

**5. Донесување на други правни акти**

Во 2025 година се планира да се пристапи кон изменување и дополнување на сите акти донесени со Деловникот на Уставниот суд којшто престана да важи и истите да се усогласат согласно одредбите од Актот на Уставниот суд, донесен во мај 2024 година.

а) Согласно горенаведеното, индикаторите за следење на активностите за остварување на оваа цел во текот на 2025 година ќе бидат следните:

- Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за внатрешна организација на Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Органограм на Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за оценување на вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување на медиумот во Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за начинот на правење и чување на сигурносна копија и повторно враќање на зачуваните лични податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за превенирање, реакција и санирање на инциденти во Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема во Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Уставниот Суд на Република Северна Македонија

- План за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија

- Правилник за видео надзор во Уставниот суд на Република Северна Македонија.

б) Носители на активностите за остварување на утврдените цели се:

- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд; и
- генералниот секретар на Уставниот суд.

в) Временската рамка за активностите за остварување на утврдените цели е целата 2025 година.

**6. Употреба на јазици и писма**

Во работата на Уставниот суд се обезбедува примена на јазиците и писмата согласно со Уставот и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија бр.7/2019).

**7. Транспарентно и отворено работење на Уставниот суд**

Транспарентноста и пристапот на јавноста до работењето на институциите се фундаменталните постулати и клучни претпоставки за негување на демократските вредности. Отвореноста на Уставниот суд и активната транспарентност ќе придонесат за долгорочно зголемување на довербата на граѓаните во правната држава, бидејќи Уставниот суд е чувар на Уставот, следствено на тоа заштитник на нивните права и слободи, а пред сè контролор на уставноста и законитоста чиешто применување ја афирмира благосостојбата и уставниот поредок во државата.

Транспарентноста е обезбедена преку правни акти во Република Северна Македонија, односно нивно почитување од страна на институциите како даватели на информации и овозможување на слободен проток на информации и соработка.

Согласно член 16 од Уставот, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Цензурата е забранета.

Транспарентноста и овозможувањето на слободниот проток на информации се важни принципи за Уставниот суд кој и во својот акт за организирање на работата го регулира начинот на кој се почитуваат и применуваат овие принципи.

Транспарентноста е универзално прифатен принцип. Правото на јавноста да биде информирана е основно начело кое произлегува од член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Уставниот суд во своето работење преку јавните седници, но и со редовно информирање на граѓаните ги почитува и домашните и меѓународните правила за практицирање на транспарентност.

Работата на Уставниот суд е јавна.

Актот кој ги уредува начинот на работа и постапката пред Уставниот суд - содржи посебна глава - VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА УСТАВНИОТ СУД).

Јавноста во работата на Уставниот суд се обезбедува со известување на јавноста преку медиумите за одржување на седниците, јавните расправи и подготвителните седници, со присуство на учесниците во постапката, други лица, органи и организации и претставници на медиумите за одлуките на Судот по прашања од интерес за пошироката јавност. Дневниот ред на седниците на Судот, се објавува задолжително пред нивното одржување

Уставниот суд, по потреба, а најмалку двапати во годината има обврска да организира прес-конференции. Покрај редовните комуникациски активности како што се соопштенијата и прес конференциите, изјавите и интервјуата, Уставниот суд издава збирки на одлуки на Судот како траен извор за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови и по потреба други изданија.

Веб-страницата на Уставниот суд е креирана во 2003 година. Во насока на прилагодување на Судот кон современите начини на комуницирање со јавноста, од декември 2021 година функционира официјалната Фејсбук страница на Уставниот суд, која служи како медиум за непосредно и објективно што поголем број на граѓани да се информираат за активностите и работењето на Уставниот суд. Во 2024 година од страна на вработени во Судот е создадена нова веб страница која е збогатена со информативни содржини за Уставниот суд.

Во текот на 2024 година Уставниот суд го прошири опсегот на информативни алатки во дигиталната сфера и креираше професионален Youtube профил чија улога е поседување и споделување на видео содржини, пред сѐ од снимање на седниците на Судот, но и интервјуа и изјави.

## 1.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТА КАКО СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ

Уставниот суд во текот на 2025 година ќе продолжи да ја применува програмата „Управување со комуникациите" која таргетира целни јавности до кои ќе бидат испратени информациите за работењето на Уставниот суд. Сите активности од оваа Програма ќе бидат опфатени во Комуникациска стратегија 2025-2027 на Уставниот суд, која ќе се усвои во првата половина на оваа година. Дополнително, за конкретни и специфични предмети и настани во Уставниот суд ќе бидат подготвени комуникациски планови кои

ќе ги содржат насоките за управување со комуникациите во планираниот период. Поради тежината и сензитивноста на предметот, Судот има подготвено Комуникациски план за Подготвителната седница за Законот за употреба на јазиците, кој е приложен дополнително како документ на оваа Програма.

1.1.1. Унапредување на транспарентноста и отвореноста на Уставниот суд

Во текот на 2025 година, Уставниот суд водејќи се од својот Акт ќе настојува да постигне унапредување во полето на транспарентноста и комуникацијата со јавноста, уредени во глава VII. Тргнувајќи од фактот дека работата на Уставниот суд е јавна, тековните активности(говорна,пишана и визуелна комуникација), ќе бидат спроведени со цел да им се овозможи на граѓаните да имаат уште поголема пристап и увид во работењето и активностите кои се одвиваат во Судот.

1.1.1.1 Спроведување на анкета на јавното мислење за Уставниот суд

Согласно приоритетот за развивање на транспарентноста на Судот, потребно е да се спроведе анкета на јавното мислење во поглед на задоволство на граѓаните од работењето на Уставниот суд, нивното мислење за одлучувањето, транспарентноста и улогата на Судот. Резултатите од анкетата ќе бидат искористени како насоки за развивање на комуникациските активности на Судот и поголема информираност на граѓаните. Оваа анкета е предвидена со претходно донесените стратешки документи на Судот од 2023 и 2004 година. Анкетата за јавното мислење ќе биде спроведена со поддршка на Европската Унија во рамки ИПА 3 проектот кој тековно се води во Уставниот суд.

1.2. ПРОДОЛЖУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО МЕДИУМИТЕ

Уставниот суд во текот на 2022 и 2023 година спроведе анкета на мислењето на новинарите за транспарентноста, достапноста на информациите до нив и утврдување на потребите за поголема отвореност на Уставниот суд. Од резултатите кои се добиени, дел веќе се имплементирани во комуникациските активности на Судот, а голем дел се во план на примена во периодот кој следува. Во насока на зацврстување на соработката со медиумите, Судот ќе настојува да оствари подиректна соработка преку склучување на Меморандуми со релевантните новинарски здруженија. Во следната фаза ќе произлезат активности од Меморандумите за соработка како што се обуки за уставно право за новинарите, тренинзи за

јавно говорење на судиите и вработени од Судот, форуми за заедничко разбирање, уставни дебатни клубови за прашања кои ги засегаат двете страни. За важни уставно-правни прашања на кои ќе учествува Судот надвор од државата, се предвидува можност да бидат поканети и претставници на медиумите. (Овие активности ќе се реализираат во согласност со финансиските можности.)

## 1.3. БРЕНДИРАЊЕ НА УСТАВНИОТ СУД

Во февруари 2024 година Уставниот суд брендираше сопствено, автентично лого кое е препознатливо и претставува визуелен идентитет на Судот. Логото е изработено од страна на хералдичар и има свои симболи и значење, притоа е уредено и со Актот на Судот:

Обележја на Уставниот суд

Член 5

(1) Обележја на Судот се печат и лого.

(4) Судот има лого во кој примарен симбол е отворена книга - визуелен приказ на Уставот. Во долниот дел, на лабел лента е аплициран називот на институцијата, од лентата од двете страни во кружна форма излегуваат дабови гранчиња, додека во ѓорниот дел, на лабел лента е аплицирано државното знаме.

Во септември 2024 година, Судот го ребрендираше главниот онлајн канал за комуникација со јавноста, односно изработи нова веб-страница збогатена со содржини кои ја надополнуваат и одржуваат репутацијата на транспарентна и отворена институција.

Уставниот суд во 2025 година ќе го продолжи овој процес на брендирање, за што се предвидува набавка на нови судиски тоги со препознатлив дизајн и боја, но и униформа за вработените која ќе биде изработена и набавена во насока на професионализација на кадаровските капацитети.

Дел од процесот на брендирање на Судот ќе бидат и просториите кои се достапни за јавноста, како што е салата за седници, во чиешто средиште свое место ќе добие реплика од првиот Устав.

1.4. КАМПАЊИ

Судот првенствено ќе подготви видео материјали со информативна содржина за неговата улога и надлежности кои ќе бидат достапни да се дистрибуираат во сите форми на официјалните канали на Судот, но и преку медиумите. Овие видео материјали ќе се емитуваат во текот на годината, паралелно со стримање на седниците, при што се очекува граѓаните на повеќе начини да се информираат за работењето на Уставниот суд, да се едуцираат за неговата надлежност и да се мотивираат да поднесуваат иницијативи или барања за заштита на нивните права. Крајната цел е зголемување на довербата во Уставниот суд, а со тоа зголемување на довербата во системот на државата.

**8. Следење на остварувањето на програмата и распоредот и известување**

Одговорен за следење на оваа програма и распоред е генералниот секретар на Судот кој е должен да известува на секои три месеци за нејзиното остварување.

Су.бр. 375/2025г

19.03.2025 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија
д-р Дарко Костадиновски